Анализа на јавното мислење бр.02/2023

-

# Европа во криза. Последиците врз јавното мислење во Северна Македонија

Автор: Анамарија Велиновска

*Со придонес на Ана Софеска*

-

февруари 2023



IDSCS | Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Европа во криза. Последиците врз јавното мислење во Северна Македонија

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Автор:** Анамарија Велиновска

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Дејан Кузмановски

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien
http://www.idscs.org.mk

# Клучни поенти

- Две третини од вкупниот број на испитаниците (65%) не се согласуваат со уставни измени неопходни за комплетирање на фазата за отворање на преговорите за членство.
- Следено според етничка припадност, цврсто мнозинство од 80% на етнички Македонци се против уставни измени. Додека пак, 53% од испитаници идентификувани како етнички Албанци даваат поддршка на уставните измени.
- Повеќе од две третини (69%) од испитаниците сметаат дека описот за службен јазик треба да се задржи во својата постојна форма, поточно службен јазик е македонскиот и оној кој го говори 20% од населението.
- Етничките Албанци имаат поделени мислења во однос на описот на службен јазик во Уставот. Скоро половина од нив (47%) сметаат дека истиот треба да биде променет во “службени јазици се македонскиот и албанскиот”.
- Испитаниците се поделени околу ставот дека ‘нападот врз Украина е реакција на провокациите на НАТО кои Русија не можеше да ги игнорира’. Половина (51%) од испитаниците во одредена мера се согласуваат со оваа теза, додека 38% не се согласуваат.
- Мнозинство од испитаниците (55%) целосно се согласуваат дека само преговори, а не победа на Русија или Украина се решение за војната.
- Половина од испитаниците (49%) сметаат дека Европската Унија треба да биде главен економски партнер на земјата. Втор најпосакуван трговски партнер е САД (21%).
- По значителен пад во 2021г. (22%), оваа година речиси мнозинство испитаници (46%) сметаат дека ЕУ е најголемиот донатор на земјата.
- Мнозинството граѓани (53%) останува цврсто на своето мислење дека алтернатива како Евроазиската Унија не е пожелна. Овој податок се потврдува во изминатите 3 години.

- САД се посочени како фактор со најголемо влијание од мнозинството испитаници (52%) и бележи пораст од изминатата година (45%). Зголемување од минатата година се забележува и кај Европската Унија (9% во 2021г., наспроти 21% во 2022г.).
- Третина од испитаниците (32%) сметаат на ЕУ како најголем сојузник на државата, по која следи САД со 17%. Трет посочен сојузник е соседна Србија со 10%, пред Русија и Германија со 9% и Турција со 7%.
- Испитаниците високо ги вреднуваат можностите кои ги нудат регионалните иницијативи поддржани од ЕУ и Германија како можноста за работа на подолг период во било која земја од ЗБ (59%), можноста за слободно движење во рамки на ЗБ (72%) и прифаќањето на дипломите низ цел Западен Балкан (72%).

# Вовед

Во периодот од 2016 година досега, Институтот за демократија (ИДСЦС) и Фондацијата Конрад Аденауер (КАС) спроведуваат национална анкета со репрезентативен пример за прашања кои се релевантни за процесот на интеграција на Северна Македонија во ЕУ. Прашалникот се состои од повторливи прашања секоја година, но и нови прашања согласно политичките случувања. Ова издание на анкетата конкретно ја разгледува перцепцијата на граѓаните за уставните измени како услов за суштинско отпочнување на преговорачкиот процес, војната во Украина и нејзините импликации на внатрешно ниво и потенцијални сојузници, влијанија и бенефити од регионални соработки. Податоците ни овозможуваат да направиме споредбена анализа на трендовите присутни во јавното мислење, а истовремено да го осознаеме и генералниот став за најгорливите прашања во конкретната година. Дополнително, секое прашање е контролирано, меѓу другите параметри, од аспект на политичка ориентација според прашањето 'за која политичка партија гласавте на претходните избори' и етничка припадност на испитаниците. Наодите од анализата се сумирани во вкупно пет категории: *1) Уставните измени – новиот предизвик 2) Влијанието на војната во Украина 3) Рефлексија на војната во Украина на внатрешно поле 4) Соработки, сојузници и влијанија 5) Западен Балкан – само географска одредница или нова перспектива?*

Истражувањето од 2022 година беше спроведено преку телефонска анкета од 17-30 ноември, преку национален репрезентативен примерок од 1005 испитаници.

# Преглед на политички случувања

–

Изминатата година беше обележана од голем број на случувања на политичко ниво. На полето на евроинтегративниот процес, државата се соочи со уште една блокада која траеше се до првата половина на годината.

На надворешен план, Бугарија продолжи да настојува на своите барања[1] како услов за кревање на ветото на преговарачката рамка. Во јуни, француското претседателство излезе со предлог за решавање на овој спор кој во јавноста беше познат како 'француски предлог'[2].

Овој предлог, навидум своевидно решение на проблемот, подразбира преточување на голем дел од бугарските барања како услови за исполнување во преговарачката рамка. Внесувањето на овие барања постави преседан во преговарачкиот процес[3], кој до сега подразбираше изоставување на билатерални проблеми надвор од преговарачките рамки на Унијата со земјите-кандидати. До сега, нивното решавање беше регулирано преку Процесот на стабилизација и асоцијација.

Францускиот предлог неминовно влијаеше врз целокупното јавно мислење, придонесе кон повеќегодишниот раст на евроскептицизмот[4] и создаде поделеност меѓу граѓаните.[5] Јавниот простор целосно беше обземен од бројните дебати меѓу стручната јавност, а граѓаните секојдневно протестираа на улиците. Ни бројните посети на високи претставници на Европска Унија како Урсула фон дер Лајен[6] и Шарл Мишел[7] не успееја да ги оттргнат граѓаните од секојдневно протестирање низ државата против прифаќањето на францускиот предлог. [8]

---

1 ДТЗ, Дојче Веле, Бугарија со пет барања до Северна Македонија, Линк

2 Владата го објави предлогот на француското претседателство https://vlada.mk/node/29432

3 Балкан Инсајт,(2022), Северна Македонија се сомнева во францускиот предлог за решевање на бугарскиот спор. Линк

4 Дамјановски И., (2022), Анализа на јавното мислење за македонскиот процес за пристапување кон ЕУ Линк

5 Речица В., (2022) Извештај од фокус групи: Јавната перцепција за довербата во политичките партии, јавните институции и квалитетот на животот во Северна Македонија Линк

6 Радио Слободна Европа (2022) Урсула фон дер Лајен во Скопје Линк

7 Канал 5, (2022) Шарл Мишел во Скопје за поддршка на францускиот предлог, линк

8 Битичи Ф., (2022), Илјадници протестираат пред гласање на францускиот предлог во Северна Македонија, Ројтерс, Линк

Покрај граѓанската негативна реакција, решителноста на Владата за прифаќање на овој предлог растеше.[9] Опозицијата, заедно со претставници од владеачката коалиција силно го критикуваа предлогот и секојдневно протестираа со граѓаните. Сепак, на 16-ти јули 2022, Собранието на Северна Македонија со 68 гласа 'за' и без ниту еден 'против' или 'воздржан' официјално ги усвои заклучоците со кои ја задолжи Владата да го продолжи процесот со ЕУ и да ја усвои преговарачката рамка за пристапните преговори со ЕУ предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на ЕУ. [10]

На 19-ти јули 2022 година, се одржа првата политичка Меѓувладина конференција[11] (МВК) , со нагласување дека истата е само политичка, поточно на истата не се донесуваат одлуки со формално-правна содржина. По МВК следи првата фаза од отворањето на преговорите за членство. На следната МВК, треба да се констатира комплетирање на фазата на отворање на преговорите за членство. Комплетирање на оваа прва фаза е возможно само со уставни измени за вклучување на бугарското малцинство во Преамбулата на Уставот како конститутивен народ на државата. Без исполнување на оваа обврска земјава нема да може да ги отвори поглавјата од преговарачката рамка.

По политичката Меѓувладината конференција започна скрининг меѓу Северна Македонија и Европската Унија. Скринингот се очекува да заврши во ноември 2023 година што во идеални услови би соодвестувало со промена на Уставот за целосен почеток на преговорите.

Спротиставените ставови меѓу власта и опозицијата не запреа само по однос на прашањата за францускиот предлог. Последователно по Ковид-19 кризата, на почетокот од годината светот се соочи со војна на европското тло[12]. Руската агресија кон Украина особено влијаеше на секој друг аспект од животот на граѓаните. Инфлацијата, недостатокот на суровини[13], особено  како и зголемување на цената на горивата придонесе кон нагласени барања на опозицијата за предвремени избори.[14] Незадоволството од кризната ситуација придонесе до голем број на протести низ текот на целата година.

9 Николовски, В. (2022), Францускиот предлог прифатлив за Владата, опозицијата ќе протестира Линк

10 Соопштение на Влада на Р. Северна Македонија (2022) Линк

11 Европска Комисија (2022) Прва Меѓувладина Конференција меѓу Албанија и Северна Македонија за отпочеток на преговорите. Линк

12 Зинетс Н., Васовиќ А., (2022) Проектили во Украина. Линк

13 Соопштение на Влада на Р.Северна Македонија (2022). Линк

14 Нова Македонија (2022), Власта повикува на обединување, опозицијата бара предвремени избори. Линк

Војната во Украина имаше големо влијание и врз проширувачката политика на ЕУ. Европската Комисија предложи кандидатски статус за две земји од т.н. Асоцијативно Трио – Украина, Молдавија и европска перспектива за третата - Грузија. Навидум, јавната поддршка кон забрзаниот процес за приклучување на овие земји кон ЕУ од властите и граѓаните на земјите од Западен Балкан брзо прерасна во нивна скриена фрустрација поттикната од чувството на запоставеност од ЕУ спрема Западен Балкан.[15] [16]

Добрососедските односи останаа предуслов за членство во ЕУ, а дополнително и економската и енергетска криза ја потврдија потребата за соработка меѓу земјите од ЗБ. Кон крајот на годината, во ноември 2022 се обнови Берлинскиот процес[17] во која членуваат сите шест земји на Западен Балкан, а е инициран од страна на Германија, земја членка на ЕУ. Особено актуелна остана иницијативата Отворен Балкан во која членуваат Албанија, Србија и Северна Македонија, а беше започната по предлог на локалните лидери.

Сите овие политички случувања директно го обликуваа мислењето на јавноста на народот изминатата година. Во следниот дел ги истражуваме сите случувања низ призмата на испитаниците.

15 Муртезај В., (2022), Војна во Украина: Дали е време за проширување на ЕУ? Линк
16 Паркер Ј., и др. (2022) ЕУ дава кандидатски статус на Украина и Молдавија, ББС Вести. Линк.
17 Соопштение Берлински Процес (2022) Линк

# Уставните измени - новиот предизвик

–

Поставувањето на нов услов за отворање на поглавјата предизвика бурна реакција во домашната јавност. Отворање на Уставот за внесување на бугарското малцинство ги зголеми апетитите на одредени политички чинители за измени и по други основи – како менување на описот за официјален јазик на државата во однос на процентуалниот праг[18]. Не се исклучува и можноста за дополнителни барања од страна на Бугарија во текот на преговарачкиот процес, најмногу поврзани околу историска ревизија.

Во следниот дел го истражуваме мислењето на граѓаните за уставни измени за вклучување на нови малцинства, со кои и бугарското за непрекинат тек на ЕУ процесот. Понатака, ја истражуваме и согласноста меѓу испитаниците со историска ревизија предвидена во текот на преговорите.

1. **На патот кон ЕУ дали сметате дека Северна Македонија треба да направи промена на уставот преку вметнување на нови малцинства вклучувајќи го и бугарското малцинство?**




18 Блажевска Д., (2022) Дојче Веле, Проработи џубоксот, зголемени паетите за уставни измени. Линк

И покрај фактот што уставните измени за вметнување на нови малцинства, особено бугарското малцинство се неопходни за отворање на поглавјата речиси две третини од граѓаните (65%) не се согласуваат со истите. Наспроти нив, четвртина од испитаниците (26%) сметаат дека засегнатите малцинства треба да бидат вклучени во Преамбулата на Уставот на државата.

Слично прашање беше поставено на испитаниците од изминатата година кога беа прашани дали се согласни со 'отстапки поврзани со бугарското малцинство со цел продолжување во евроинтегративниот процес'. Процентот на 'не'- одговори останува приближно ист (64% во 2021, наспроти 65% во 2022), што укажува на тоа дека граѓаните не го промениле многу своето мислење во изминатата година, иако сега барањето и последиците се многу појасни.[19]

**1.1. На патот кон ЕУ дали сметате дека Северна Македонија треба да направи промена на уставот преку вметнување на нови малцинства вклучувајќи го и бугарското малцинство? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)**




При анализирање на податоците добиени според етничката припадност на испитаниците се добива појасна слика на групата која го сочинува мнозинството од 'не' и 'да' одговорите. Само 15% од етничките Македонци смета дека треба да се внесат други малцинства во Уставот, наспроти 80% од нив кои сметаат дека не треба да се направат овие уставни измени.

19 Велиновска А., и др. (2022), Од пофалби до разочарување - Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија

За разлика од нив, малку над половината од испитаниците припадници на албанската етничка заедница (53%) сметаат дека треба да се направат овие уставни измени. Бројот на етнички Албанци кои се согласуваат со овој акт е зголемен во споредба со минатата година (35% во 2021г.)[20]

### 1.2. На патот кон ЕУ дали сметате дека Северна Македонија треба да направи промена на уставот преку вметнување на нови малцинства вклучувајќи го и бугарското малцинство? (гледано од аспект на политичка наклонетост) (%)




Следено според прашањето 'за кого гласавте на изминатите избори' се добива подетален приказ на ставовите меѓу гласачите на поголемите политички партии. Силно мнозинство (89%) од испитаниците кои на минатите избори гласале за ВМРО-ДПМНЕ велат 'не' на предложените уставни измени, на кои предводат само испитаниците кои гласале за Левица (92%). Повеќе од половина (59%) од испитаниците кои го дале својот глас за СДСМ не се согласуваат со овие уставни измени, на сметка на 39% испитаници од истата партија кои сметаат дека овие уставни измени се пожелни.

Интересен е и податокот дека 72% од испитаниците кои не гласале на минатите избори се согласни дека Уставот не треба да подлежи на измени.

20 Велиновска А., и др. (2022), Од пофалби до разочарување - Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија

## 2. На патот кон ЕУ дали сметате дека Северна Македонија треба да направи историска ревизија?




Во однос на овие измени, силно двотретинско мнозинство (69%) вели дека измени кои предвидуваат историска ревизија не се прифатливи на патот кон Европската Унија. Овие податоци покажуваат делумно ист став во однос на минатата година кога граѓаните беа прашани дали би се согласиле на отстапки поврзани со историски наративи со цел отклучување на преговарачкиот процес. Овој став е речиси непроменет во споредба со 2021г., кога 71% од испитаниците не се согласија со такви отстапки.[21]

## 2.1. На патот кон ЕУ дали сметате дека Северна Македонија треба да направи историска ревизија?




21 Велиновска А., и др. (2022), Од пофалби до разочарување - Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија

Следено според етничката припадност се забележува целосна поделба меѓу мислењето на етничките Албанци од кои 43% велат се согласуваат и се противат на овие измени. Изминатата година, испитаниците – етнички Македонци биле поодлучни дека историски отстапки не треба да има (51%), наспроти оние кои се согласиле на истите (35%).

Меѓу етничките Македонци сликата е јасна, цврсти 81% не се согласуваат со вакви измени, исто како и изминатата година (81% во 2021г.)[22]

**2.2. На патот кон ЕУ дали сметате дека Северна Македонија треба да направи историска ревизија? (гледано од аспект на политичка наклонетост) (%)**




Гледано од политичка наклонетост, приврзаниците на ДУИ се единствените испитаници кои мнозински се согласуваат со историска ревизија (61%). Меѓу гласачите на сите останати партии забележуваме цврст став против вакви измени.

Внесувањето на нови заедници во Уставот, ја поткренува внатрешната дискусија за дополнителни уставни измени поврзани со јазикот и малцинствата[23]. Така, се отвора прашањето како треба да гласи дефиницијата за службен јазик. Во однос на оваа дилема ја истражуваме перцепцијата на испитаниците во однос на тоа каков треба да биде описот за службен јазик во Уставот.

22 Велиновска А., и др. (2022), Од пофалби до разочарување - Анализа на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон Европската Унија

23 Калински В, (2022) Отворање на Уставот како одење по жица, Радио Слободна Европа Линк

### 3. Според Вас, описот за службен јазик во Уставот треба да биде:




Резултатите покажуваат повеќе од две третини (69%) од испитаниците сметаат дека описот за службен јазик треба да се задржи во својата постојна форма, поточно службен јазик е македонскиот и оној кој го говори 20% од населението. Помал, но сепак значителен процент (20%) се испитаниците кои сметаат дека дефиницијата треба да гласи дека 'службени јазици се македонскиот и албанскиот'. Околу 11% од испитаниците сметаат дека описот треба да гласи 'службени јазици се македонскиот и албанскиот и друг јазик што го говори 20% од населението'.

Овие резултати покажуваат дека освен постоечкиот консензус за описот да остане во својата постоечка форма, скоро третина од испитаниците би сакале поинаков опис на службениот јазик во Уставот.

### 3.1. Според Вас, описот за службен јазик во Уставот треба да биде: (гледано од аспект на етничка припадност) (%)



Анализа по етничка основа покажува дека цврсто мнозинство (85%) од етничките Македонци сметаат дека описот треба да остане ист.

Само една четвртина од албанските испитаници сметаат дека описот треба да остане ист (26%). Останатиот дел е поделен меѓу останатите две опции кои би значеле промена на описот за службен јазик. Помалку од половина албански испитаници (47%) сметаат дека службени јазици треба да бидат македонскиот и албанскиот, додека пак 27% од албанските испитаници сметаат дека службени јазици треба да бидат македонскиот, албанскиот и оној јазик кој го говори 20% од населението. Скоро подеднаков процент на албански испитаници сметаат дека описот треба да остане во постојната форма.

Изминатата година загарантираноста на македонскиот јазик често беше доведувана во прашање. Покрај сите сомневања, Владата на Северна Македонија нагласува дека со усвоената преговарачка рамка се постигнува целосна заштита и се гарантира еднаквост на македонскиот јазик со сите други европски јазици во европските институции.

## 4. По отпочнувањето на преговорите со ЕУ, колку чувствувате дека македонскиот јазик е загарантиран и заштитен?




Третина од испитаниците (35%) сметаат дека јазикот по прифаќање на преговарачката рамка е целосно загарантиран. На овој процент се надополнуваат и четвртина од испитаниците (25%) кои гледаат на истиот како до некаде загарантиран. Наспроти позитивните размислувања околу заштитеноста на македонскиот јазик, се наоѓаат

и граѓани кои гледаат спротивно на тоа. Скоро четвртина (22%) од граѓаните сметаат дека македонскиот јазик е ранлив по прифаќањето на ваквиот предлог и отсуството на експлицитна напомена за постоењето на јазикот.

### 4.1. По отпочнувањето на преговорите со ЕУ, колку чувствувате дека македонскиот јазик е загарантиран и заштитен? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)




Мнозинство (57%) од албанските испитаници сметаат дека македонскиот јазик е целосно загарантиран, наспроти поделеноста меѓу македонско население на оние кои до некаде сметаат дека е загарантиран (26%) и оние кои сметаат дека до некаде не е загарантиран (29%).

Следено по возраст, најмладите испитаници (18-24 години) најмногу сметаат дека јазикот е заштитен. Само 10% од категоријата на испитаници меѓу 18-24 години сметаат дека јазикот воопшто не е загарантиран, наспроти просекот од 23% меѓу останатите генерации. [24]

24 Датабаза 2023

# Влијанието на војната во Украина

На 24-ти февруари 2022г. светот, а посебно европскиот континент беше погоден од руската агресија врз украинското тло. Од тој момент, надворешните политики на секоја земја во регионот и пошироко беа дефинирани од (не)поддршката спрема Украина. Северна Македонија веднаш го осуди актот на агресија од страна на Русија и ја усогласи својата надворешна политика со онаа на земјите од Европска Унија и на НАТО, како земја-членка на Алијансата.

Од друга страна, оваа војна имаше директно влијание и на европските интеграции на така нареченото "Асоцијативното Трио" – Грузија, Украина и Молдавија. Во јуни 2022 година, Европската Комисија предложи кандидатски статус за Украина и Молдавија. Индиректно, овој потег понесен од геополитички мотиви ги зголеми дебатите во регионот за реалните намери на ЕУ за приклучување на земјите од Западен Балкан кон Унијата.

Војната започна со силна осуда во македонскиот јавен дискурс. Официјалната позиција на државата е осуда на актот на Русија и силна поддршка за Украина. Сепак, во текот на изминатата година, Северна Македонија, но и регионот се соочи со бројни лажни вести кои го преземаа медиумскиот простор и со тоа влијаеа врз обликувањето на јавното мислење. Во таа насока, го истражуваме мислењето на граѓаните за неколку често споменувани тези кај испитаниците за војната во Украина.

**5. Нападот на Русија на Украина е реакција на провокациите на НАТО кои Москва не можеше да ги игнорира**



На тезата дека нападот на Русија кон Украина е реакција на провокациите на НАТО кои Москва не можеше да ги игнорира, резултатите покажуваат дека испитаниците до одредена мера се согласуваат со оваа теза (36% целосно; 15% до некаде). Наспроти нив, 29% воопшто не се согласуваат со оваа теза.

Овие податоци укажуваат дека мнозинството испитаници сепак веруваат дека оправданоста на нападот од страна на Русија треба да се бара во провокациите кои ги креирало НАТО, теза која што е спротивна на мнозинството размислувања претставени во стручната јавност.

### 5.1. Нападот на Русија на Украина е реакција на провокациите на НАТО кои Москва не можеше да ги игнорира (гледано од аспект на етничка припадност) (%)




Според етничката припадност, резултатите покажуваат поделеност. Помалку од половина (43%) од Македонците целосно се согласуваат дека нападот на Русија на Украина е реакција на провокациите на НАТО, симетрално спротивно со 44% од етничките Албанци кои воопшто не се согласуваат со тезата.

### 6. Русија има за цел да ја освои Украина и тука нема да застане




Мнозинството граѓани до одреден степен не се согласуваат дека Русија има за цел да ја освои Украина(41% - воопшто, а 13% до некаде), додека 21% од испитаниците се оние кои целосно се согласуваат. Слично како и првата теза, ова мислење покажува дека мнозинството граѓани сметаат дека Русија реагира превентивно, како реакција на провокации, без да има намера реално освојување на Украина. Овие пораки се чест пример на информации кои Москва официјално ги пласира преку своите медиуми.

### 6.1. Русија има за цел да ја освои Украина и тука нема да застане (гледано од аспект на етничка припадност) (%)



Постои консензус меѓу различните етнички заедници во однос на несогласувањето со ова прашање. Македонците (42%) и Албанците (40%) воопшто не се согласуваат дека целта на Русија е да ја освои Украина.

### 7. Само преговори, а не победа на Русија или Украина се решение за војната




Мнозинство од испитаниците (55%) целосно се согласуваат дека само преговори, а не победа на Русија или Украина се решение за војната.

### 7.1 Само преговори, а не победа на Русија или Украина се решение за војната (гледано од аспект на етничка припадност) (%)



Од аспект на етничката припадност, мнозинство и од Македонците (56%) и од Албанците (55%) целосно се согласуваат со тоа дека само преговори, а не победа на Русија или Украина се решение за војната.

### 8. Победа на Украина, значи победа на Европа




По Втората Светска Војна, Европа претставуваше синоним за помирување и мир. Со создавањето на Европската Унија, се креираат и европските вредности кои во својата срж означуваат слобода, владеење на право, демократија, достоинство. Војната на европскиот континент го наруши тој синоним на континентот и ги загрози вредностите и безбедноста која владееше изминатите децении. Сепак, испитаниците делумно поделено гледаат на оваа аналогија. Во резултатите преовладува мнозинството (34% - воопшто, 14% до некаде) на оние кои не се согласуваат со ова тврдење, а со тоа и дека победата во Украина значи и победа на Европа.

# Рефлексија на војната во Украина на внатрешен план

Внатрешните препирувања меѓу власта и опозицијата не запреа само на европските интеграции. Руската агресија врз Украина предизвика економска криза во земјата, најголема инфлација од 20%[25] постигната во ноември 2022г., недостаток на суровини и зголемени цени на горивата[26]. Сето тоа придонесе кон зголемено незадоволство меѓу населението и напори на опозицијата да издејствува предвремени парламентарни избори како одговор на неспремноста на Владата да се справи со кризата[27]. Од тој аспект, домашната економија и распределбата на финансиите се најсилно погодени од моменталната глобална состојба.

Во следното поглавје го истражуваме мислењето на граѓаните за економски партнер на Северна Македонија и кој надворешен субјект чинат дека придонесува многу кон буџетот на државата.

**9. Кој мислите дека треба да биде главен економски партнер на земјата?**




* можни се повеќе одговори

25 Нова Македонија (2022), Македонија со најголема инфлација во последните 25 години. Линк.
26 Бесими Ф., Министерство за финансии. Линк
27 Радио Слободна Европа (2022) ВМРО бара предвремени избори. Линк.

Во однос на прашањето за главен економски партнер на земјата, мнозинството граѓани се согласуваат дека ЕУ треба да го заземе првото место. По Унијата, следат САД со 21% и Турција со 14%. Скоро подеднаков број на граѓани сметаат дека Русија (12%) и Кина (11%) се посакуван партнер.

Подеднаков процент на испитаници немаат одговор (12%), или пак сметаат дека Русија (12%) и Кина (11%) се посакуван трговски партнер.

Како важен дел од економијата го истражуваме препознаениот донатор во очите на испитаниците.

### 10. Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) во Северна Македонија?




Освен верувањето дека ЕУ треба да е најголемиот економски партнер, без малку мнозинство од испитаниците (46%) сметаат дека ЕУ реалистично претставува најголем донатор на Северна Македонија. Второпласиран давател на средства за развој според граѓаните е САД со 17%. Истиот процент е и на оние (18%) кои не можат да го идентификуваат најголемиот донатор.

**10.1 Кој е најголемиот донатор (дава пари за развој) во Северна Македонија? (гледано од аспект на претходни години)**




По минатогодишниот пад во мислењето дека ЕУ е најголемиот донатор во државата, повторно испитаниците ја позиционираат истата на прво место. Ова мислење, со исклучок на 2021 преовладува меѓу сите испитаници.

Тоа што е важно за издвојување е бројот на испитаници кои не можат да го идентификуваат најголемиот донатор. Ваквите тенденции покажуваат дека честопати парите за развој не се доволно видливи или почувствувани од граѓаните за истите да можат подоцна и да го идентификуваат нивното потекло.

# Сојузници, влијанија и алтернативи

Војната во Украина, економската криза и билатералните проблеми со Бугарија посочуваат дека неопходно е земјата да има соработка со други земји и иницијативи. Северна Македонија не е имуна на влијанија од надвор особено во години на големи политички случувања. Надежта неретко се бара во регионалните иницијативи, но не изумираат ни идеите за друг вид на глобални сојузи.

Од тие причини, го истражуваме јавното мислење во однос на поддршка за друга алтернатива на членството на ЕУ (Евроазиската Унија), најголемиот сојузник и највлијателен субјект во државата.

**11. Дали би подржале друга алтернатива на членството во Европската Унија како на пример во Евроазиската унија, предводена од Русија? (гледано од аспект на претходни години)**



ИДСЦС и КАС веќе четврта година по ред го истражуваат јавното мислење околу поддршката за алтернатива на ЕУ како Евроазиската Унија предводена од Русија.

Сепак бројот на поддржувачи на оваа Унија се намалува на сметка на оние кои 'не знаат', додека пак испитаници кои не се согласуваат со ваква алтернатива остануваат во одредена константа процентуална бројка (53%).

Уште еднаш резултатите докажуваат дека мнозинството граѓани останува цврсто на своето мислење дека алтернатива како Евроазиската Унија не е пожелна.

**11.1. Дали би подржале друга алтернатива на членството во Европската Унија како на пример во Евроазиската унија, предводена од Русија? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)**




Сепак и покрај константното мнозинство, етничките Македонци се мошне поделени во нивната проценка за таквата алтернатива. И двете групи (да/не) гравитираат околу границата од 40%. Албанското етничко население, од друга страна, останува многу решително во негативниот став дека таквото членство не е опција за Северна Македонија (71%).

**12. Според Вас, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја?**




Кога станува збор за перцепираното влијание од страна на граѓаните, САД остануваат фактор кој е сметан за највлијателен во државата (52%). По нив, следи ЕУ (21%), и испитаниците (10%) кои не знаат да го посочат највлијателниот фактор.

Оваа година, поради нејзината негативна улога во евроинтегративниот пат преку употребата на вето на преговарачката рамка во 2020-та, 4% испитаници ја посочуваат Бугарија без притоа да биде понудена како одговор. Истиот процент на испитаници мислат дека Русија има најголемо влијание (4%).

**12.1. Според Вас, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја? (гледано од аспект на етничка припадност) (%)**



Спротивно на традиционалното мислење дека Албанците ги сметаат САД како највлијателен фактор кое преовладуваше во анкетите минатите години, оваа година мнозинството етнички Македонци (55%) се оние кои ги рангираат САД на прво место (55%), со мала предност во однос на истомислениците меѓу етничките Албанци (51%).

**11.2 Според Вас, кој надворешен фактор има најголемо влијание во нашата земја? (гледано од аспект на претходни години)**




Овогодинешната анализа покажува раст во перцепцијата за ЕУ (21%) како фактор на влијание споредбено со огромниот пад (10%) во 2021 година, наспроти 2020-та година (34%).

Најголемо влијание од ЕУ се бележи во 2019 година (45%) по Преспанскиот договор потпишан со Грција за разрешување на деценискиот спор и своевремените ветувања кои истиот договор ги носеше за целосно одблокирање на процесот. Во 2022 год, забележуваме двојно намалена перцепција (21%). Се чини дека ЕУ во очите на јавноста се уште не може целосно да го поврати својот кредибилитет изгубен по ветото на Бугарија врз преговарачката рамка, последоветално по неуспешноста на ЕУ по договорот со Преспа и промената на името на Македонија да го одржи својот збор и ветување и да започне преговори со Северна Македонија.

12. Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја?




При барање на сојузници, граѓаните се уште најмногу (32%) сметаат на ЕУ, по која следи САД (17%). Овие податоци и не претставуваат изненадување со оглед на долгогодишната поддршка кои ЕУ и САД ги негуваат со земјата. Покрај ЕУ и САД, испитаниците ги сметаат Србија (10%), Русија (9%), и Турција (7%) за сојузници. Германија (9%) граѓаните ја издвојуваат посебно од семејството на Унијата. Неизбежно е да се споменат и граѓаните кои не успеале да посочат сојузник (11%).

Овие податоци сценираат една нејасна слика за перцепцијата на граѓаните. Иако ЕУ е прворангирана,сите останати земји кои делумно исто се вреднувани од страна на граѓаните. Испитаниците сојузништвото продолжуваат да го гледаат во западните земји, меѓутоа множеството на 'не знам' и испитаници кои гледаат сојузник во Русија, Турција, Србија исто така не треба да биде запоставен.

12.1. Според Вас, кој би бил најдобар сојузник на нашата земја? (гледано од аспект на претходни години)




Оваа година најголемата промена се забележува кај мислењето за ЕУ како најдобар сојузник на Северна Македонија. Овој процент е драстично зголемен од 13,1% во 2021 година, на 32,06% во 2022 година. Слично како и во однос на прашањето за најголемото влијание во земјата, ЕУ полека ја враќа довербата во јавноста која што ја држеше пред бугарското вето.

# Западен Балкан – само географска одредница или нова перспектива?

–

Регионалната соработка останува фокусот и на земјите од регионот, но и приоритет наложен од страна на ЕУ за ЗБ. Иницијативата Отворен Балкан зазема најголем дел од јавниот простор и неретко е најчестата споменувана регионална иницијатива. Оваа година, Берлинскиот процес предводен од Германија повторно заживеа како надеж за соработка помеѓу земјите од Западен Балкан.

Во следниот дел го истражуваме мислењето на граѓаните за некои од најмногу споменувани придобивки од овие иницијативи.

13. Можноста за работа на подолг период во било која земја на Западен Балкан е корисна за сите




Можноста за работа на подолг период во било која земја од ЗБ претставува примамлива можност за мнозинството (59%) од испитаните граѓани. По нив следат оние кои имаат одредена дилема, но сепак до некаде се согласуваат со оваа теза (21%).

Овие резултати покажуваат дека најголем дел од граѓаните позитивно гледаат на оваа можност, наспроти 9% кои не би виделе придобивка од ваква можност.

14. Можноста за слободно движење во рамки на земјите од Западен Балкан е корисна за сите




Понатаму, отворањето на границите меѓу земјите од ЗБ слично како отворените граници во ЕУ се најшироко распространета придобивка од регионалните иницијативи. Несомнено, резултатите го потврдуваат бенефитот од оваа можност и меѓу испитаниците. Висок процент (72%) сметаат дека можноста за слободно движење би биле корисна за сите.

15. Прифаќањето на дипломите низ цел Западен Балкан е корисно за сите




Конечно, можноста да се искористи сопственото образование во земјите од ЗБ за споделување на пазарот на трудот, а со тоа и миграција на регионално ниво е теза со која што се согласуваат над две-третини од испитаниците. (72%)

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

-

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

-

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Информација за авторот

**Анамарија Велиновска** е помлад истражувач и проектен менаџер во Центарот за европски интеграции при Институтот за демократија "Социетас Цивилис" - Скопје. Велиновска има магистрирано на студиите за "Јавни политики" на Универзитетот од Единбург, како Чивнинг стипендист на Британската влада. Нејзините области од интерес се: европски интеграции, регионална соработка и надворешни политики.

IDSCS
Институт за демократија
Социетас цивилис - Скопје

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG